Научна фондација СПИРОСКИ, Скопје, Република Северна Македонија
Македонско медицинско електронско списание. 2026 Сеп 25; 6:27-28.
https://doi.org/10.3889/mmej.2026.6882
eISSN: 1857-9809
Категорија: *МИТ-ФДМ2026 - „ТРЕНДОВИ ВО ЕНДОДОНЦИЈАТА“*
Секција: *Стоматологија*



OPEN ACCESS

Оптурација за ендодонтски резултати насочени кон пациентот: совети и детали кои прават разлика во исходот

Филипо Кардинали*

Приватна стоматолошка пракса, Анкона, Италија

Уредено: Славица Христоманова-Митковска
Цитирање: Кардинали Ф: Оптурација за ендодонтски резултати насочени кон пациентот: совети и детали кои прават разлика во исходот. Макед Мед Електр С. 2026 Сеп 25; 6:27-28. https://doi.org/10.3889/mmej.2026.6882
Клучни зборови: претходно подготвени биокерамички силери; хидраулични силери базирани на калциум-силикати; ладна хидраулична кондензација; техника со еден конус; апикален периодонтитис; оптурација на коренски канали; исход од ендодонтскиот третман.
***Кореспонденција:** Филипо Кардинали, Приватна стоматолошка пракса, Анкона, Италија. E-mail: info@studiociarlantini.it
Примено: 11-Авг-2026
Ревидирано: 01-Сеп-2026
Прифатено: 20-Сеп -2026
Печатарски права: © 2026 Филипо Кардинали.
Лиценца: Овој труд е со отворен пристап дистрибуиран под условите на Creative Commons Attribution-NonCommercial 4.0 International License (CC BY-NC 4.0)
Финансирање: Ова истражување нема финансиска поддршка
Конкурентски интереси: Авторите изјавуваат дека немаат конкурентски интереси

Извадок

ВОВЕД: Претходно подготвените биокерамички силери сè почесто се применуваат во секојдневната ендодонтска практика, овозможувајќи поедноставени протоколи на оптурација и нови пристапи во полнењето на коренските канали. Сепак, прашањата во однос на нивната долгорочна клиничка ефикасност сè уште се актуелни, особено кај забите со апикален периодонтитис. Постигнувањето сигурно запечатување преку соодветна оптурација е од суштинско значење за предвидливо заздравување и успешен ендодонтски исход.

ЦЕЛ: Целта на предавањето е да се разгледа клиничкото влијание на претходно подготвените биокерамички силери и да се идентификуваат специфични технички детали и клинички протоколи кои можат да влијаат врз исходот од третманот. Посебно внимание ќе биде посветено на прашањето дали оптурацијата со биокерамички силери обезбедува сигурни клинички резултати и дали поедноставените техники, како што е техниката со еден конус, можат да овозможат предвидливи резултати.

СОДРЖИНА: Предавањето ќе се фокусира на хидрауличните силери базирани на калциум-силикати и нивната примена во нехируршкиот ендодонтски третман, со посебен акцент на ладната хидраулична кондензација со биокерамички силер. Ќе бидат разгледани факторите кои можат да влијаат врз исходот кај забите со апикален периодонтитис, вклучувајќи го изборот на случај, обработката на каналот, техниката на оптурација, апликацијата на силерот и техничките детали кои можат да влијаат врз квалитетот и предвидливоста на конечниот резултат. Ќе бидат презентирани клинички податоци од ретроспективна студија со период на следење од пет години. Студијата опфатила 637 заби со симптоматски апикален периодонтитис, третирани од еден искусен оператор со примена на ладна хидраулична кондензација и биокерамички силер CeraSeal.

ЗАКЛУЧОК: Познавањето на биолошките и техничките принципи на хидрауличната оптурација, заедно со внимателното следење на клиничките протоколи и процедурните детали, е од суштинско значење за постигнување предвидливи ендодонтски резултати. Ладната хидраулична кондензација со биокерамички силери може да претставува клинички релевантен пристап кон оптурацијата, но нејзината ефикасност не зависи само од самиот материјал, туку и од правилниот избор на случај, изведувањето на третманот и почитувањето на основните принципи на ендодонтскиот третман. Предавањето ќе ги истакне практичните совети и деталите кои можат да придонесат кон постигнување висока стапка на успех и подобри резултати насочени кон пациентот.

Obturation for Patient-Centered Endodontic Outcomes: Tips and Details That Make a Difference in the Outcome

Fillipo Cardinali*

Private Practice, Ancona, Italy

Edited by: Slavica Hristomanova-Mitkovska
Citation: Cardinali F. Obturation for Patient-Centered Endodontic Outcomes: Tips and Details That Make a Difference in the Outcome. Maced Med Electr J. 2026 Sep 25; 6:27-28. https://doi.org/10.3889/mmej.2025.6882
Keywords: premixed bioceramic sealers; hydraulic calcium silicate-based sealers; cold hydraulic condensation; single-cone technique; apical periodontitis; root canal obturation; endodontic treatment outcomes.
***Correspondence:** Fillipo Cardinali, Private Practice, Ancona, Italy.
E-mail: info@studiociarlantini.it
Received: 11-Aug-2026
Revised: 01-Sep-2026
Accepted: 20-Sep-2026
Copyright: © 2026 Fillipo Cardinali.
License: This is an open-access article distributed under the terms of the Creative Commons Attribution-NonCommercial 4.0 International License (CC BY-NC 4.0)
Funding: This research did not receive any financial support
Competing Interests: The authors have declared that no competing interests exist

Abstract

INTRODUCTION: Premixed bioceramic sealers are increasingly incorporated into daily endodontic practice, offering simplified obturation protocols and new approaches to root canal filling. However, questions remain regarding their long-term clinical effectiveness, particularly in teeth affected by apical periodontitis. Achieving a reliable seal through appropriate obturation is essential for predictable healing and successful endodontic outcomes.

AIM: The aim of this lecture is to discuss the clinical impact of premixed bioceramic sealers and to identify specific technical details and clinical protocols that may influence treatment outcomes. Particular attention will be given to whether obturation with bioceramic sealers provides reliable clinical results and whether simplified techniques, such as the single-cone method, can achieve predictable outcomes.

CONTENT: The lecture will focus on hydraulic calcium silicate-based sealers and their application in non-surgical endodontic treatment, with particular emphasis on cold hydraulic condensation (CHC) using a bioceramic sealer. Factors that may affect the outcome of teeth with apical periodontitis will be discussed, including case selection, canal preparation, obturation technique, sealer application, and technical details that can influence the quality and predictability of the final result. Clinical data from a retrospective study with a 5-year observation period will be presented. The study included 637 teeth with symptomatic apical periodontitis treated by a single experienced operator using CHC with CeraSeal bioceramic sealer..

CONCLUSION: Understanding the biological and technical principles of hydraulic obturation, together with careful attention to clinical protocols and procedural details, is essential for achieving predictable endodontic outcomes. Cold hydraulic condensation with bioceramic sealers may represent a clinically relevant approach to obturation; however, its effectiveness depends not only on the material itself but also on appropriate case selection, treatment execution, and adherence to sound endodontic principles. The lecture will highlight practical tips and details that may contribute to achieving high success rates and improved patient-centered outcomes.